**20260270388**

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 10 февруари 2026 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИНТЕРВЕНТЕН ФОНД ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2026 ГОДИНА

I

(1) Со оваа програма ќе се реализираат интервентни мерки за финансиска поддршка во земјоделството за ублажување на последиците од нарушувањата на пазарот предизвикани од зголемувањето на производствените трошоци за производство на земјоделските култури и ниските откупни цени, преку Интервентниот фонд за земјоделство.

(2) Средствата за реализација на оваа програма во износ од 250.000.000,00 денари обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.253/25), Раздел 14004 – Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (во натамошниот текст: Агенцијата), Потпрограма 21 – Интервентен фонд за земјоделство, ставка 464 – Разни трансфери ќе се користат за следните интервентни мерки:

| Број на мерка | Име на мерка | Вкупен износ на мерката во денари |
|---|---|---|
| 1. | Финансиска подршка во земјоделството | 140.000.000,00 |
| 2. | Неизмирени обврски по подмерки од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството од 2022, 2023, 2024 и 2025 година | 110.000.000,00 |
| Вкупно | | 250.000.000,00 |

II

Средствата од делот I став (2) од табелата мерка 1 „Финансиска поддршка во земјоделството“ од оваа програма во износ од 140.000.000,00 денари се наменети за релизација на следната подмерка:

| 1. | Финансиска поддршка во земјоделството | |
|---|---|---|
| Број на подмерка | Име на подмерката | Корисници на подмерката и висина на финансиската поддршка |
| 1.1. | Финансиска поддршка за интервенција во земјоделското производство | 1. Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат поднесено барање за подмерка од мерката 1<br>„Мерки за основна поддршка на доходот на земјоделските |

| | | |
|---|---|---|
| | | стопанства"од Програмата за финансиска подршка во земјоделството за 2026 година, за една или повеќе земјоделски култури, кои имаат пријавено најмалку 0,5 ха обработлива земјоделска површина и оствареното производство го имаат предадено на регистрирани откупувачи и/или преработувачи, кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.<br>2.Максимална количина на земјоделски производи која е прифатлива за финансиска поддршка е 100.000 килограми по корисник.<br>3. Висината на финансиската поддршка изнесува 2 денари по килограм за земјоделски производ, предаден на регистрирани откупувачи и/или преработувачи, кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи. |

III

Финансиската поддршка од дел II за подмерката 1.1. „ Финансиска поддршка за интервенција во земјоделското производство" од оваа програма, ќе се врши врз основа на податоци за предаден земјоделски производ на регистрирани откупувачи и/или преработувачи кои се запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи, кој се води во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, кои до Агенцијата ги доставува Државниот инспекторат за земјоделство за секое земјоделско стопанство одделно, најдоцна до 15 декември 2026 година.

IV

Средствата од делот I став (2) од табелата мерка 2 „Неизмирени обврски по подмерки од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството од 2022, 2023, 2024 и 2025 година" во износ од 110.000.000,00 денари се наменети за исплата на финансиски средства за неизмирени обврски по подмерките од Програмата за спроведување на интервентен фонд за земјоделството од 2022, 2023, 2024 и 2025 година.

V

Исплатата на средствата од оваа програма ја врши Агенцијата врз основа на донесено решение за исплата од страна на Агенцијата, најдоцна до 25 декември 2026 година.

VI

Директорот на Агенцијата заклучно со 31 декември 2026 година доставува до Владата на Република Северна Македонија извештај со финансиски показатели за реализација на оваа програма и причини за отстапување.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-423/6
10 февруари 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.